АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14-246/1
10.03 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

**До Друштвата за осигурување**

**10.3.2022 година**

**Предмет: Известување за распределба и исплата на дивиденда**

Почитувани,

Врз основа на проценка на ризиците поврзани со моменталното економско опкружување и можните ефекти врз работењето односно ликвидноста, солвентноста и капиталната адекватност на друштвата за осигурување, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на 10 март зазема став да им препорача на друштвата за осигурување да се воздржат од распределба и исплата на дивиденда од добивката остварена во 2021 година односно истата да ја распределат во зголемување на резервите на сигурност и останатите резерви на друштвото, се додека постои неизвесност во однос на траењето на кризата и проценка на ризикот врз нивната финансиска состојба и стабилност.

Воедно паричните средства првично наменети за исплата на дивиденда на акционерите да се задржат во високо ликвидни пласмани на друштвото кои евентуално би се искористиле доколку настанат непредвидени, неочекувани обврски од работењето до крајот на 2022 година. На овој начин се очекува да не се наруши ликвидноста на друштвото во овие вонредни услови на работење.

Препораката не се однесува на распределба и исплата на дивиденда од добивка остварена во 2019 и 2020 година.

Ве молиме овој став на Агенцијата да го споделите со акционерите на друштвото.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**
**Красте Шајноски**